Врз основа на член 24, став (1) точка 1) алинеја 18 и член 191 став (12) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19 и 236/22) и член 16 од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 116/19, бр.93/21 и 111/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 5 февруари 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПОВЛАСТЕНА ТАРИФА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Со оваа одлука на Друштвото за производство, трговија и услуги БИО ЕНТЕРПРАЈС ДОО, Охрид, со седиште на ул. 7-ми НОЕМВРИ бр.187, Охрид, му се одобрува користење на повластена тарифа на електрична енергија произведена од термоелектроцентралата на биогас „БИОГАС САРАМЗАЛИНО“.

2. Податоци за носителот на оваа одлука:
   - назив и седиште: Друштво за производство, трговија и услуги БИО ЕНТЕРПРАЈС ДОО, Охрид, со седиште на ул. 7-ми НОЕМВРИ бр.187, Охрид,,
   - единствен регистарски број на електроцентралата: PP-BG-250,
   - назив на електроцентралата: термоелектроцентрала на биогас „БИОГАС САРАМЗАЛИНО“,
   - податоци за локација на електроцентралата: КП бр.552/7, КО Сарамзалино, Општина Лозово,
   - инсталирана моќност на електроцентралата: 1998 kW,
   - планирано годишно производство на електрична енергија од електроцентралата: 16.644.000 kWh,
   - повластена тарифа која ќе ја користи повластениот производител: повластена тарифа која што важела на денот на донесување на решението за стекнување на привремен статус на повластен производител за термоелектроцентрала на биогас „БИОГАС САРАМЗАЛИНО“, УП1 бр. 08-103/20 од 18 јуни 2020 година, односно се одобрува користење на повластена тарифа од 18 €¢/kWh,
   - период на користење на повластената тарифа до: 12 февруари 2039 година.

3. Оваа одлука се доставува до Друштвото за производство, трговија и услуги БИО ЕНТЕРПРАЈС ДОО, Охрид, Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија, операторот на пазарот на електрична енергија и операторот на електродистрибутивниот систем.
4. Оваа одлука влегува во сила седмиот ден од денот на донесувањето и се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Друштвото за производство, трговија и услуги БИО ЕНТЕРПРАЈС ДОО, Охрид, согласно Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа, на 26 јануари 2024 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Барање за донесување на решение за стекнување на статус на повластен производител заведено под архивски број УП1 бр.08-47/24 и на 31 јануари 2024 година поднесе Барање за користење на повластена тарифа на електрична енергија заведено под архивски број УП1 бр. 08-57/24 за термоелектроцентралата на биогас „БИОГАС САРАМЗАЛИНО", со инсталирана моќност од 1998 kW и со локација на КП бр.552/7, КО Сарамзалино, Општина Лозово.

Друштвото за производство, трговија и услуги БИО ЕНТЕРПРАЈС ДОО, Охрид е носител на Решение за стекнување на привремен статус на повластен производител за термоелектроцентрала на биогас „БИОГАС САРАМЗАЛИНО", УП1 бр. 08-103/20 („Службен весник на Република Северна Македонија", бр.116/19, 294/20 и 204/22).

Врз основа на член 191, став (11) од Законот за енергетика* и член 13 став (1) од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа, Регулаторната комисија за енергетика на 31 јануари 2024 година побара Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија да издаде потврда дека термоелектроцентралата на биогас „БИОГАС САРАМЗАЛИНО" на Друштвото за производство, трговија и услуги БИО ЕНТЕРПРАЈС ДОО, Охрид е изградена и ги исполнува услови и инсталираната моќност утврдени со Уредбата за мерките за поддршка на производството на електрична енергија од обновливи извори на енергија („Службен весник на Република Македонија" бр.29/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.278/19 и бр.236/21).

На 31 јануари 2024 година, Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија издаде Потврда бр.03-70/2 дека Друштвото за производство, трговија и услуги БИО ЕНТЕРПРАЈС ДОО, Охрид со седиште на ул. 7-ми НОЕМВРИ бр.187, Охрид, ЕМБС: 7296924 има изградено термоелектроцентралата на биогас „Биогасна Електрана Сарамзалино", со локација на КП бр.552/7, КО Сарамзалино, Општина Лозово со номинална моќност од 1998 kW, со единствен регистарски код: REMKBG2023110300007 ги исполнува условите и инсталираната моќност утврдени со Уредбата за мерките за поддршка на производството на електрична енергија од обновливи извори на енергија.

На 1 февруари 2024 година, Регулаторната комисија за енергетика донесе Одлука за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија, УП1 Бр. 12-13/24, на Друштвото за производство, трговија и услуги БИО ЕНТЕРПРАЈС ДОО, Охрид.

Регулаторната комисија за енергетика согласно член 15, став (1), од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа, изготви Предлог решение за стекнување на статус на повластен производител. Предлог - решението, согласно Решение за свикување на подготвителна седница бр.02-187/1 од 2 февруари 2024 година, беше предмет на расправа на подготвителната седница која се одржа на 5 февруари 2024 година. На подготвителната седница немаше забелешки по предлог - решението од страна на присутните.

Од доставената документација од страна на Друштвото за производство, трговија и услуги БИО ЕНТЕРПРАЈС ДОО, Охрид се утврди дека Барањето за користење на повластена тарифа на електрична енергија заведено под архивски број УП1 бр. 08-57/24 за термоелектроцентрала на биогас „БИОГАС САРАМЗАЛИНО", е комплетно и нема недостатоци и издадената Потврда од Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија е позитивна.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 08-57/24**
**5 февруари 2024 година**
**Скопје**

**Претседател на Регулаторна комисија**
**за енергетика, водни услуги и услуги**
**за управување со комунален отпад на**
**Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**